**ВОВЕД**

Технологијата на конфекцијата бележи голем развој последните години, благодарение на брзиот развој на електронската индустрија и примената на компјутерите при изработка на кројните слики и автоматското кроење.

Технологијата на конфекцијата според видовите на предметите за облекување, се дели на следните групи:

1. Технологија на изработка на машка горна облека;
2. Технологија на изработка на женска горна облека;
3. Технологија на изработка на машка и женска долна облека;
4. Технологија на изработка на облека од плетени материјали (трикотажа).

Технологијата на изработка на детска облека се вклопува во горенаведените технологии.

Технологијата на конфекција, може да се подели во неколку фази и тоа:

- Техничка подготовка;
- Технолошки процес на кроење;
- Технолошки процес на шиење;
- Технолошки процес на доработка.

*Техничка подготовка* на производството, опфаќа најразлични фази:

- Комплетирање на документација;
- Изработка на норми и нормативи;
- Изработка на прописи за работа.

*Технолошкиот процес на кроење* опфаќа изработка на кројни слики, искројување на основниот материјал и помошните материјали, сортирање на искроените делови и нивна подготовка за другите фази.

*Технолошкиот процес на шиење* претставува составување на кројните делови со шиење во една целина - предмет за облекување.

*Технолошкиот процес на доработка* опфаќа дополнително пеглање, термофиксирање, чистење и други видови на доработка.

Искројувањето на основниот материјал, се врши со ножеви за грубо и фино кроење. Од ножевите за грубо кроење, се употребува прогресерка, а од ножевите за фино кроење, се користи бонсек.

Шиењето се изведува со најразлични видови машини, со помош на кои се остваруваат најразлични бодови.

По шиењето, готовиот предмет за облекување се носи на чистење, со што се отстранува вишокот на конец и други нечистотии. Потоа се врши контрола на предметот за облекување од страна на контролори. По контролата се изведува завршно пеглање со електрични пегли и со парни преси.

На крај, повторно се прегледува готовиот производ со т.н. супер контрола и доколку е cé во ред, производот се пакува и се отпремува во магазин за готова стока.


**-------- CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU --------**

http://www.maturskiradovi.net/eshop/

**POGLEDAJTE VIDEO UPUTSTVO SA TE STRANICE I PORUČITE RAD PUTEM ESHOPA , REGISTRACIJA JE OBAVEZNA.**

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com